# PRINCIPLES OF GOOD GOVERNANCE AND CIVIL AND POLITICAL PARTICIPATION AT THE LOCAL LEVEL - CASE STUDY CITY OF SKOPJE

**Jasmina Trajkoska Naumoska**
AUE-FON University, Skopje, North Macedonia, jasmina.trajkoska@fon.edu.mk
**Jovana Andonoska Ilijeva**
North Macedonia, andonoskajovana@yahoo.com

**Abstract:** The application and development of the principles of good governance on local level is essential for developing citizen and political participation by the citizens. This article analyzes the characteristics of good governance and the practical application of civic and political participation at the city of Skopje from 2005 to 2022. In 2008, The Council of Ministers of the Council of Europe adopted twelve principals of good governance at the local level, which include: participation, representativeness and holding fair elections, responsiveness, efficiency and effectiveness, openness and transparency, rule of law, ethical behavior, competence and capacity, innovation and openness to change, sustainability and long terms orientation, financial management, human rights, cultural diversity and social cohesion and responsibility. This article aims to analyze how many civil initiatives, citizen gatherings, referendums, public tribunes, motions and proposals and surveys have been carried out in the city of Skopje from 2005 and 2022 and how much they are indicators of respect for the principles of (un)good management of the City of Skopje.
**Keywords:** decentralization, civic and political participation, characteristics of good governance, local democracy

# ПРИНЦИПИ НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ГРАЃАНСКА И ПОЛИТИЧКА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО – СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ГРАД СКОПЈЕ

**Јасмина Трајкоска Наумоска**
Американски Универзитет на Европа – ФОН, Скопје, РС Македонија,
jasmina.trajkoska@fon.edu.mk
**Јована Андоноска Илијева**
РС Македонија, andonoskajovana@yahoo.com

**Апстракт:** Примената и развојот на принципите на добро управување на локално ниво од страна на локалните самоуправи е неопходно за развој на граѓанската и политичката партиципативност на граѓаните во локалните единици. Трудот ги опфаќа карактеристиките на добро управување и анализа на практичната примена на граѓанска и политичка партиципација на локално ниво во Град Скопје од 2005 година до 2022 година. Советот на министри на Совет на Европа во 2008 година носи дванаесет принципи на добро управување на локално ниво кои опфаќаат: партиципативност, репрезентативност и одржување на фер избори, респонзивност, ефикасност и ефективност, отвореност и транспарентност, владеење на правото, етичко однесување, компетентност и капацитет, иновации и отвореност за промени, одржливост и долгорочна ориентација, финансиски менаџмент, човекови права, културна разноликост и социјална кохезија и одговорност. Овој труд има за цел да ја анализира колку граѓанските иницијативи, собири на граѓани, референдуми, јавни трибини, преставки и предлози и анкети се остварени во Град Скопје од 2005-2022 година и колку истите се показател за почитување на принципите за (не)добро управување во Град Скопје.
**Клучни зборови:** децентрализација, граѓанска и политичка партиципација, карактеристики на добро управување, локална демократија.

## 1.ВОВЕД

Учеството на граѓаните во формирањето на вредностите кои го насочуваат нивниот општествен живот и во создавањето и управувањето со општествените институции со кои се остваруваат тие вредности е една од клучните карактерисгики на демократијата Овој аспект на продукцијата и репродукцијата на општествениот живот во политичката социологија и политикологија вообичаено се означува со синтагмите политичко учесгво и политичко ангажирање, или, политичка партиципација.Одговорно водење на јавните работи и

управување со јавните ресурси е значаен темел од кој зависи степенот и начинот на политичка и граѓанска партиципативност во рамките на политичкиот систем. Морален и еманципиран/а граѓан/ин/ка се подразбира себеси како член/ка на поширока општествена “фабрика” и на тој начин ги разгледува проблемите од својата околина како потреба за негова/нејзина акција. На овој начин индивидуата ја согледува моралната и граѓанската димензија на прашањата или проблемите, создава морално сопствено мислење и доколку е потребно граѓански партиципира за надминување на непожелната состојба. Политичка партиципација според Верба, Шолзман и Бреди е дефинирана како активност која има намера да влијае или да има одреден ефект врз активностите на централната и локалната власт, таквите активности може да се директни со влијание врз создавање или имплементација на јавна политика, или индиректни преку влијание врз луѓето кои одлучуваат за одредени политики. Граѓанската партиципација, како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, односно граѓаните кои се активно вклучени во подобрувањето на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општеството и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани (Ehrlich, 2000; Zaff, Boyd, Li, Lerner, & Lerner, 2010). Сите овие активности се опфатени како механизми за директна демократија кои се содржани во Уставот, Законот за граѓанска иницијатива, референдум и други облици на граѓанско учество и Законот за локална самоуправа. Советот на министри на Совет на Европа во 2008 година носи дванаесет принципи на добро управување на локално ниво. Принципите за добро управување се директно поврзани со граѓанската и политичката партиципација. Партиципативноста, респонзивноста, отвореност и транспарентност , владеење на правото, етичкото однесување, иновации и отвореност за промени како и одржливост и долгорочна ориентација се директно поврзани со можностите за граѓанска иницијатива, референдум, поднесување на преставки и предлози и одговор на истите, учество во јавни трибини и подготвување на конкретен записник за текот на трибината, како и анкети кои го опфаќаат јавното мислење на граѓаните по одредени јавни прашања. Сите механизми за директно граѓанско и политичко партиципирање на граѓаните доколку се ефективни и ефикасни придонесуваат кон одржливо добро управување. Случајот на Град Скопје е посебно издвоен за да се согледаат сите механизми и нивната (не)употребливост. Доброто управување е неопходно за владеење на правото, обезбедува одржлив развој во областите социјален, економски развој и развој на животна средина со планирање на политики за долгорочна визија за општеството.Во овој труд се разгледуваат формалните механизми утврдени со закон за политичка партиципација на граѓаните во Град Скопје кои се директно поврзани со принципите за добро владеење. Градот Скопје, како посебна единица на локална самоправа е единствен од таков тип во Република Северна Македонија, а административното тело делува на територија на главниот град на државата. Токму поради својата специфика во однос на надлежности, организација и развој претставува предмет на анализа во оваа студија на случај. Поради ваквата поставеност на Градот Скопје во однос на останатите единици на локална самоуправа на територијата на Република Северна Македонија, оваа студија би се концентрирала исклучиво на остварувањето на надлежностите на Градот Скопје, без вклучување на десетте општини кои потпаѓаат под него, а преку формите на учество во локалната самоуправа утврдени во Законот за локална самоуправа, Законот за Градот Скопје, Законот за референдум и други облици на непосредно изразување на граѓаните.

## 2. ПРИНЦИПИ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Советот на Европа во 2008 година поставува 12 принципи за добро владеење во локалните самоуправи. Партиципативност, репрезентативност и одржување на фер избори е првиот принцип, демократијата и владеењето на правото се основа на остварувањето на човековите права и слободи. Преку демократијата и владеењето на правото се овозможува партиципативноста (учеството) и репрезентативноста (застапеноста) на граѓаните и спроведувањто фер избори. Плурализмот во политиката и стремежот за градење демократско општество се невозможни доколку граѓаните не учествуваат или се незастапени, а изборите на кои ги избираме се нефер. Јасно изразената волја на граѓаните преку избори се основа на легитимитетот и легалитетот на избраниците, а озовможувањето на учество, застапеност и фер избори се основа на демократијата. Респонзивноста во општеството на локално ниво, во процесите на решавање проблеми во рамки на локалната заедница и во релација со локалната самоуправа преставува веројатно најважниот концепт за граѓанското организирање и на истото му дава најлогична смисла. Ефикасност и ефективност подразбираат разгледување на збир на услови кои се однесуваат на надлежноста, организацијата, преземањето на одговорности, владината транспарентност, учеството на граѓаните во одлучувањето за одредени заеднички прашања од јавен интерес, ефикасна распределба на јавните ресурси, демократското владеење. Тоа зависи од квалитетот и ефикасноста на државните службеници, од квалитетот на управниот акт, условен пак од квалификацијата на кадарот во администрацијата.

Отвореност и транспарентност е релевантно, достапно, навремено и прецизно објавување информации за активности, правила, планови и процеси; буџетска транспарентност е навремена и целосна достапност на важни информации и документи за буџетскиот процес за пошироката јавност; (про)активна транспарентност **е** објавување информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации;

Владеење на правото**:** идејата за владеење на правото подразбира дека ниту еден субјект нема право да ги наруши правилата кои важат во општеството; малцинството има загарантирани права и слободи; самите правила се донесуваат во согласност со одредените принципи во рамки на демократските институции; наместо неограничена власт со помош на правото - мора да се воспостави правно ограничена власт; наместо привилегирано и партиско структурирано општество - мора да се воспстави правно институционализирана заедница; наместо семоќна паритска држава - мора се воспостави држава во која правата и слободите се мерка за нејзината правда и правичност;

Етичко однесување **се** конструкции што го регулираат човековото однесување и го насочуваат кон она што и индивидуално (етички) и колективно (морално) се смета за прифатливо и позитивно. Јавниот интерес и општото добро се пред личниот.

Компетентност и капацитет:професионалните вештини на оние кои управуваат континуирано се одржуваат и зајакнуваат со цел да се подобри нивниот резултат и влијание; јавните службеници се мотивирани континуирано да ги подобруваат своите перформанси; практичните методи и процедури се креираат и користат со цел да се трансформираат вештините во капацитет и да се произведат подобри резултати. Иновации и отвореност за промени принципот на иновативност и отвореност во својата содржина бара нови и ефикасни решенија на проблемите, како и користење на нови и модерни методи за обезбедување на услуги на јавната администрација и локалната самоуправа. Со примената на овој принцип Локалните самоуправи искажуваат подготвеност да пилотираат и експериментираат со нови програми, но и да го пренесуваат искуство научено од примената на овие програми. Воедно на овој начин се создава клима која е поволна за промени во интерес на постигнување на подобри резултати. Иновациите и подготвеноста за промени на локалната самоуправа, може да се анализираат низ четири клучни принципи: транспарентност, пристапност,интегритет,ефикасност. Одржливост и долгорочна ориентација Одржливиот развој се дефинира **како “**развој кој ги задоволува потребите на сегашните генерации без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби (Bruntland Commission Report, 1987)**”,** додека со долгорочна ориентација се подразбира креирање на политики и спроведување на активности со кои се има придобивки сега и во иднината. Одржливиот развој се состои од три димензии – општество, животна средина и економија и преставува парадигма за размислување и дејствување со која еколошките, општествените и економските размислувања се избалансирани во потрага по подобар квалитет на живот. Финансиски менаџмент *во општините има големо значење за доброто владеење, преку отворените и јавни дебати за планирање на општинските трошоци, отворен пристап до информации за начинот на спроведување на буџети и планови и севкупното учество на граѓаните. Целта на добриот финансиски менаџмент е средствата да се искористат (потрошат) за да се подобри општинскиот квалитет на живот.* Човекови права, културна разноликост и социјална кохезија, активно користење на правата и слободите на човекот и граѓанинот — основните критериуми што ја отсликуваат улогата на човекот и граѓанинот во едно општество. Истовремено тие се најасниот показател за карактерот на власта. Колку се понапредни тие, толку повеќе ја стеснуваат можноста на власта (управувачите) за злоупотреби и арбитрарност кон правата и слободите на човекот. Културната разноликост ги претставува различните култури што постојат на планетата. Културата значи збир на обичаи и традиции на луѓето пренесени од генерација на генерација.Одговорност подразбира градење доверба и партнерски однос на локалната власт со граѓанскоит сектор/јавноста, а се со цел побрз одржлив развој на општината. Сите овие принципи на добро владеење се меѓусебно поврзани и меѓузависни.

## 3.АНАЛИЗА НА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МЕХАНИЗМИТЕ НА ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ГРАД СКОПЈЕ 2005-2022

Според Законот за граѓанска иницијатива, референдум и други облици за граѓанско учество и Законот за локална самоуправа граѓаните може да поднесуваат граѓанска иницијатива, да поттикнат референдум на локално ниво, да поднесат преставки и предлози, да учествуваат на јавни собири и трибини, да бидат консултирани преку анкети за ставови и мислења по однос на јавни прашања. Во периодот од 2005 до 2022 година во Град Скопје не е поднесена ниту една граѓанска иницијатива од страна на граѓаните. Согласно Закон за локална самоуправа по барање на градоначалникот или 10% од граѓаните избирачи може да се повика јавен собир, во Град Скопје не е повикан ниту еден јавен собир. Не е организиран ниту еден

референдум на локално ниво. Анализата на регулативите на овие механизми покажува демотивирање на граѓанската и политичка партиципација со поставување на многу високи критериуми за остварување. Прагот за поднесување граѓанска иницијатива и свикување собир на граѓани е 10% од избирачите на општината,односно месната организација на која се однесува прашањето за кое се поднесува иницијатива до Советот на Град Скопје или предлог до Градоначалникот, а за распишување референдум е 20% од вкупниот број избирачи. За да се остварат овие механизми во пракса според последните локални избори евидентирани се 467.373 избирачи во Град Скопје. За да се поднесе граѓанска иницијатива или да се организира собир на граѓани потребни се 46.737 потписи, за да се повика на референдум од страна на граѓаните потребни се 93.474 избирачи. Партиципативната култура не е доволно развиена кај граѓаните во Република Северна Македонија, следствено и кај граѓаните избирачи на Град Скопје. Дополнително доколку се постигнат и овие високи прагови на потписи градоначалникот и Советот на градот во рок од 90 дена одлучуваат дали ќе се прифати предлогот или не. Аргумент за тоа дека се демотивира развојот на партиципативна култура кај граѓаните е и фактот што за поднесување на кандидатура на Град Скопје е 1000 потписи, наспроти 46.737 за граѓанска иницијатива и собир или 93.474 за референдум. Партизацијата е зацврстена преку регулативите и досегашната пракса на централизирано и партизирано функционирање на институциите во политичкиот систем на Република Северна Македонија. Последица на тоа е незабележителната граѓанска и политичка партиципативност на граѓаните на локално ниво. Врз формирањето на политичката култура во едно општество најголемо влијание имаат регулативите кои ги опфаќаат тие механизми, политичката социјализација, образованието и јавните и социјалните медиуми. Но,дури и ако граѓаните, неладиниот сектор, поднесат претставки или предлози до Градоначалникот и организациските единици, повторни можат да наидат на молчење или непостапување на администрацијата, со што се нарушуваат голем дел од принципите за добро управување како што се респонзивност, ефикасност и ефективност, отвореност и транспаренстност, владеење на правото како и принципот на иновации и отвореност за промени, одржливост и долгорочна ориентација.Согласно закон градоначалникот е должен: - да создаде услови за доставување претставки и предлози; - најдоцна во рок од 60 дена, од денот наприемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави образложен одговор и - претставките и предлозите коишто не се однесуваат на работи од надлежност наорганите на оштината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот. Согласно информациите од јавен карактер добиени од Град Скопје, конкретна статистика околу бројот на поднесени претставки или предлози, нема евиденција за доставено бразложен одговор во рок од 60дена. Во одговорот од Град Скопје, не добивме точна бројка за поднесени претставки и предлози. Одговорот опфаќа информации за Граѓанскиот центар отворен во 2006година како механизам за комуникација со граѓани, каде што се вработени неколку лица за должени за давање информации на граѓаните за надлежностите на Градот,како и за примањена сите предлози и претставки на граѓаните, документирање на истите и доставување нанадлежниот Сектор. Укажуваат дека најчесто се примаат телефонски претставки за работата на градската администрација и јавните притпријатија, а помалку предлози. Ретко пристигнуваат преставки и предлози во писменаформа.Последната година направени се напори за канализирање на комуникацијата со граѓани преку емаил адреса отворена за таа намена. На таа адреса пристигнувале барања, поплаки, сугестии и предлози на граѓаните, а во периодот од кога е отворена има пристигнато околу 2900 барања, одкоина 2200 е одговорено. На прашањето на претставки и предлози до Градоначалникот од Град Скопје одговорија дека немаат статистика заистите.Неопходно е да се истакне дека во целост е изоставена законската обврска за постапување попретставките и предлозите во наведен рок и водење евиденција за истите, што укажува дека постои голема веројатност одреден број граѓани никогаш да не го добијат одговорот кој го очекуваат. Што се однесува до прашањето колку јавни трибини се организирани во периодот кој се анализира, од 2005-2009 година се организирани помалку од 5 јавни трибини за кои нема соодветно предвиден записник во Град Скопје, во 2010 година нема организирано јавна трибина, во 2011 има една, но записник нема, 2012 нема, 2013 има една, но записник нема. Од 2014-2017 година нема организирано јавни трибини, 2018 година 23 трибини за кои не постојат записници, 2019 има осумнаесет јавни трибини за кои нема записници, 2020 година има две јавни трибини за кои нема записник, 2021 година и 2022 има организирано по една јавна трибина за кои нема записници. Не постои ниту податок за водење записник за дискусијата на одредена јавна трибина. Во 2007 година нотира на само една трибина на која се дискутирало за територијалната,легислативната и формалната организација на ГрадСкопје.Следна трибина Градот ја организира 4 години подоцна, во 2011 година, а се однесува на донесувањето на Генералниот урбанистички план 2012-2022година. Во 2018 година, на јавна трибина се претставени плановите за изградба на гасовод на Водно. Во 2019 година одржани се серија јавни трибини на кои е презентира на Студијата за валоризација на заштитено подрачје-Парк шума Водно и Предлог- Планот за унапредување на велосипедскиот сообраќај во Скопје2019-2021.Во 2020 година се одржани јавни трибини

на две теми: Реконструкција на Универзална сала и ефикасност на инспекциските служби. Дополнително во перидот од 2018 до 2021 година од страна на Град Скопје се организирани повеќе од 40 јавни расправи, дебати активности за промоција на студии, кои од формален карактер не претставуваат јавни трибини, но се ефикасна алатка за отворена дискусија за конкретни прашања од интерес на граѓаните. Иако овие јавни расправи претставуваат олеснет пристап на граѓаните до градот Скопје, за истите освен евиденција за оддржување, градот нема база на податоци, записници, ниту препораки кои произлегуваат од нив. Анкетите се една од најзастапените форми на преку која Градот Скопје го испитува јавното мислење по одредени прашања. Во најголем број случаи, истото е спроведувано преку ангажирање надворешнаагенција за спроведување истражувања за јавното мислење на граѓаните од страна на Секторот за поддршка на Грдаоначалникот.Во 2010 и 2012 година, преку постапка за прибирање податоци за квиистражувања се спроведени преку Здружение награѓани- Институт за  политички истражувања.Во перидод од 2018 до 2021 година преку постапка на јавна набавка, правниот субјект „Агенција Рејтинг СП-М ДООЕЛ-Скопје"согласно договорот има реализирано 24истражувања (по осум истражувања годишно).Во 2022 година преку постапка за јавна набавка, правниот субјект „Институт за политички истражувања-Скопје" има склучено договор за истражувања во период од 10месеци. Во ниту еден од договорите Градот Скопје како договорна страна се нема обврзано резултатите од истражувањето да ги објави јавно, ниту пак истите да ги презентира пред Советот на Град Скопје,како орган кој носи одлуки.Во Градот Скопје не постојат податоци за тоа дали при изготвување на Програмата за работа на секторите се вреднувани резултатите од анкетите. Јавно достапни се резултати од истражување за доверба на граѓаните во рамки на редовните истражувања за потребите на Град Скопје од страна на правен субјект со склучен договор за таа намена, а се однесуваат на довербата во институцијата и градоначалникот, како и оценка на работа на поедини области во надлежност на градот. Покрај овие начини, од страна на Град Скопје спроведени се информативни анкети користејќи ги бесплатните интернет алатки, социјални медиумии порталот на Град Скопје, со цел истражување на задоволнството на граѓаните од услугите на Градот, но за истите не постои конкретна бројка ниту досие. Центарот за иновации на Град Скопје, со кој градот има регулиран договор во период 2016-2021 има реализирано поголем број анкети, главно за зачувување на животната средина и редизајн на зелени површини, но повторно нема точна бројка за истите.Во однос на предлозите, од Град Скопје укажуваат дека активно соработуваат со граѓаните и здруженијата на граѓани, главно за актите кои се надлежност на Град Скопје, а во интерес на граѓаните. Најчеста соработка е во процесот н аизработка на програми и стратегии. Анализирајќи ја практичната примена на можностите на граѓанска и политичка партиципација на локално ниво во градот Скопје, можеме да увидиме дека карактеристиките на добро управување изостануваат од праксата на управување со градот, носењето одлуки и креирањето политики од страна на претставниците на граѓаните во градот Скопје.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Политичката партиципација на граѓаните на град Скопје е недоволно развиена. Познавањето на принципите за добро владеење на управувачите и граѓаните кои работат во градската администрација потребно е да се подигне на повисоко ниво. За да се обезбеди јавното учество во демократските процеси во општеството,потребна е  измена на застарената законска регулатива,  развој на партиципативна култура, политичка волја на оние кои управуваат и добро раководење со процесите на јавното учество и консултациите. Од добиените податоци од Град Скопје јасно е дека постои одреден степен на соработка помеѓу граѓаните/граѓанските организации и Градот Скопје, меѓутоа фокусот е ставен на информирање на граѓаните, а не нивно вклучување во процесите на одлучување За период од седумнаесет години не е поднесена ниту една граѓанска иницијатива до Советот на Град Скопје, ниту пак е свикан собир на граѓани, ниту е распишан референдум. Често користени форми за консултации со граѓаните/граѓанските организации се оние кои нудат директна комуникација како што  се јавните собири, јавни трибини и директни средби со градоначалникот. Исто така, од страна на граѓаните често се користат претставки и предлози кои  најчесто се однесуваат на поединечни барања и прашања, а притоа постапката за претставки и предлози е различнаод пропишаната.Непостоењето на целосна база на податоци укажува на  непочитување на принципите за добро управување и не доволно разбирање за важноста за вклученост на граѓаните во процесите.Анкетите се една од најзастапените форми на преку којаГрадот Скопје го испитува јавното мислење по одредени прашања.Во најголем број случаи,истото е спроведувано преку ангажирање надворешна агенција за спроведување истражувања за јавното мислење на граѓаните од страна на Секторот за поддршка на Градоначалникот. Преку анализата може да се утврди дека се нарушени најголем број од принципите за добро владеење: партиципативноста иако е регулирана со закон е тешко остварлива или се остварува на неефикасен и неефективен начин. Репрезентативноста е отежната бидејќи не е во постојан контакт со потребите на сите

граѓани кои имаат иницијативност, предлози, преставки или учество на јавни трибини. Со тоа што не постојат записници после јавните трибини, нема податок за тоа колку преставки и предлози и одговори се остварени во овој период можеме слободно да заклучиме дека респонзивноста е слабо развиена како принцип на добро управување. Постои голем простор за унапредување на ефикасноста и ефективноста за користењето на механизмите за граѓанска и политичка партиципација, дополнително во однос на отвореноста и транспарентноста потребно е да се развива овој принцип за со цел да придонесе поголема граѓанска и политичка партиципативност. Со тоа што не постојат записници и податоци за јавните трибини и предлозите и преставките се нарушува и принципот на владеење на правото што пак дополнително директно е поврзан и со останатите принципи како етичко однесување, компетентност и капацитет, иновации и отвореност за промени, одржливост и долгорочна ориентација, финансиски менаџмент, човекови права, културна разноликост и социјална кохезија и одговорност.
Учеството на граѓаните е еден од клучните предуслови за практикување директна демократијаи за обезбедување на транспарентност и отчетност во заедницата. Потребно е да се променат регулативите кои ги определуваат условите за користење на механизмите за директна демократија и дополнително механизмите за политичка партиципација да се доближат до граѓаните гласачи и до граѓаните кои работат во администрацијата на Град Скопје за истите да се почне да се применуваат во согласност со принципите за добро владеење.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Alemanno, A., & James, O. (2021). Citizens Participation in Democratic Europe: What Next for EU? Colchester: ECPR Press.
Heaney , M.T., (2019) Intersectionality at the Grassroots. Politics, Groups and Identities 9, (3):608-618. https://doi.org./10.1080/21565503.2019.1629318
Giugni, M., & Maria T. Grasso (2019). Street Citizens , Protest Politics and Social Movement Activism in the Age of Globalization. New York: Cambridge University Press
James S. Fishkin (2009). When the People Speak -Deliberative Democracy and Public Consultation Published in the United Statesby Oxford University Press Inc., New York
Russell J. Dalton (2017). The Participation Gap: Social Status and Political Inequality, Published to Oxford Scholarship Online: November
Костов, С. (2006). Како до ефективна локална самоуправа, Граѓанска партиципација-Комуникација помеѓу локалната самоуправа и граѓаните, Серија прирачници, КЛС Прирачник бр.4, Македонски центар за меѓународна соработка.
Della Porta, D. (2020). How Social Movements Can Save Democracy?. Cambridge. Polity.
Bostrom, M. (2019). Rejecting and Embracing Brands in Political Consumerism. Pp 205 in M. Bostrom , M. Michelletti, and P. Oosterveer (eds.) The Oxford Handbook of Political Consumerism, Oxford: Oxford University Press.
Ajaps, Sandra O., & A.N.Obiagu. (2021). Increasing Civic Engagement thought Civic education: A Critical Consciousness Theory Perspective. Journal of Culture and Values in Education 4(1): 64-87
ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА (2015). Проектна УСАИД за граѓанско општество, достапно на http://graganskoucestvo.mk/graganskoucestvo_old/static/pdf/gragjansko_uchestvo2012-1014_mkd.pdf
Youniss,J, McLellan (1999)JA, Su,Y, Yates, M, The role of community service inidentity development: Normative, unconventional, and deviant orientations .*Journal of Adolescent Research*.
Michela Lenzi, Civic Engagement: A Cross-National Study,
Jonathan Zaff (2010). Michelle Boyd, Yibing Li, Jacqueline V Lerner, Richard M Lern, Active andengaged citizenship:multi-group andlongitudinal factorial analysis of an integrated construct ofcivic engagement
Recommendation on the participation of citizens in local public life, https://www.coe.int/en/web/youth/-/recommendation-on-the-participation-of-citizens-in-local-public-life , 28.02.2023
Закон за Градот Скопје , Службен весник на Република Македонија бр.55/2004;158 (2011)
Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните , Службен весник на Република Македонија 3(2006)
Council of Europe (1985). The European Charter of Local Self-Government-EuropeanTreatySeries-No.122,Strasbourg
Principals of good governance Council of Europe (2008), достапно на: ,https://www.coe.int/en/web/good-governance/12-principles#{%2225565951%22:[11]}
Статутот на Град Скопје ЕЛЕКТРОНСКИ СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ГРАД СКОПЈЕ (2018) Број:14
Катарина Милошевић, Михајло Манић, Мирјана Станковић Ђорђевић. (2015) Грађанска партиципација или

политичко комуницирање- Ствар воље или потребе?, Политичка ревија Година (XXVII) XIV, vol=44 Бр.2.стр.127-144
Joshua McDonnell (2020) Municipality size, political efficacy and political participation: a systematic review, Local Government Studies, 46:3, 331-350, DOI: 10.1080/03003930.2019.160051